**ДП.бр.12-4-2/2025**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ (подолу како ДК при КИРСМ) во состав од Кети Арсова извршител, како заменик Претседател на Дисциплинска комисија и Гордана Џутеска извршител, како член-известител на Дисциплинска Комисија, судија Тања Милева од Апелационен суд Скопје, судија Јетмир Хамзаи од Апелационен суд Гостивар и Душица Димитриеска од Совет на Јавни обвинители на РСМ, како членови на Дисциплинска Комисија и Снежана Пижевска како записничар, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка бр.09---/1 од 09.01.2025 година на РСМ Министерство за правда, на главен претрес одржан на ден 24.02.2025 година во присуство на извршител О.Г. од Д., го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

**ПРЕДЛОГОТ** за поведување на дисциплинска постапка со бр.09---/1 од 09.01.2025 година на РСМ Министерство за правда, против извршител О.Г. од Д., **се усвојува.**

**СЕ ОГЛАСУВА ЗА ВИНОВЕН** извршител О.Г. од Д. именуван за подрачјето на Основен суд ---, Основен суд ---, Основен суд --- и Основен суд --- за сторени дисциплински повреди по член 64 став 1 алинеја 8, член 65 став 1 алинеи 5 и 8 и член 66 став 1 алинеја 12 од Законот за извршување („Службен весник на РМ“ бр. 72/16, 142/16, 233/18, 14/20 и 154/23),

**ЗАТОА ШТО:**

1. Извршителот О. Г. од Д. по извршните предмети И.бр.--/23, И.бр.--/23, И.бр.---/24 и И.бр.---/24 од должниците примал готови пари во неговата канцеларија, а не преку неговата посебна сметка на која се уплатуваат парите од реализираните извршувања, за што ставал забелешки во електронскиот Уписник за примени барања за извршување и извршителот во предметите немал докази односно изводи од посебната сметка за извршените уплати на овие парични средства на неговата посебна сметка, ниту пак дополнителни ги доставил до Министерството за правда, со што извршителот постапил спротивно на член 36 став 5 од Законот за извршување и сторил дисциплинска повреда **по член 66 став 1 алинеја 12** од Законот за извршување: „незаконито располага со материјалните средства што ги прибавил во текот на извршувањето” па му се изрекува дисциплинска мерка, **Привремено одземање на правото за вршење на должноста извршител во траење од три месеци;**
2. Извршител О.Г. од Д. со Записник од извршен надзор на ден 28.10.2024 година бил задолжен за извршните предмети И.бр.--/23, И.бр.--/23, И.бр.---/24 и И.бр.---/24 да ги достави сите изводи од секоја извршена уплата на неговата посебна сметка како и изводите за распределба на уплатените парични средства, но истите не ги доставил до Министерството за правда односно доставил само изводи од извршените уплати за предметите И.бр.--/23 и И.бр.---/24, со што извршителот постапил спротивно на одредбите од Правилникот за начинот на вршење на надзор над работата на Комората на

извршители и на извршителите и сторил дисциплинска повреда од **член 65 ст.1 алинеја 5** од Законот за извршување:„извршителот не дава или дава неточни податоци за цели на вршење на надзорот“, па му изрекува дисциплинска мерка, **парична казна во висина од ------ евра во денарска противредност по среден курс на Народна Банка на РСМ на ден на изрекување,** и

3. Извршител О.Г. од Д. за предметите И.бр.--/23, И.бр.---/24 и И.бр.---/24 не водел уредна и навремена евиденција, за надоместоците, за трошоците за спроведените извршни дејствија, за наградата на извршителот, за реалните трошоци како и за наплата на главниот долг, каматата на главниот долг и трошоците на постапката, со што постапил спротивно на член 45 став 1 од Законот за извршување и член 2 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на уписникот за примените барања за извршување и сторил дисциплински повреди по од **член 64 алинеја 8** од Законот за извршување:„неуредно и неточно ја води евиденцијата која извршителот е должен да ја води, а која не засега во правата на странките.“ и дисциплинска повреда по **член 65 алинеја 8** од Законот за извршување„не води евиденција за наплатена награда и други трошоци согласно со овој закон и подзаконските акти.“ па му изрекува дисциплинска мерка, **парична казна во висина од ----- евра во денарска противредност по среден курс на Народна Банка на РСМ на ден на изрекување.**

Врз основа на секоја утврдена поединечна дисциплинска мерка, му се одмерува и определува единствена дисциплинска мерка **Привремено одземање на правото за вршење на должноста извршител во траење од три месеци**, согласно член 62 став 1 точка г) од Законот за извршување ( „Службен весник на РМ“ бр. 72/16, 142/16, 233/18, 14/20 и 154/23).

*Образложение*

На ден 09.01.2025 година до Комората на извршители на РСМ е доставен Предлог за поведување на дисциплинска постапка со бр.09-56/1 од 09.01.2025 година, од овластен подносител, Министерството за правда против извршител О.Г. од Д. Предлогот соодржи наводи за сторени дисциплински повреди од член **66 став 1 алинеја 12 од ЗИ**:„незаконито располага со материјалните средства што ги прибавил во текот на извршувањето”; член **65 став 1 алинеја 5 и 8 од ЗИ**: „не дава или дава неточни податоци за цели на вршење на надзорот“, „не води евиденција за наплатена награда и други трошоци согласно со овој закон и подзаконските акти“ и од член **64 став 1 алинеја 8 од ЗИ:** „неуредно и неточно ја води евиденцијата која извршителот е должен да ја води, а која не засега во правата на странките.“ Предлогот за поведување на дисциплинска постапка е изготвен врз основа на Извештај од извршен надзор бр.09----/1 од 27.12.2024 година и Записник од извршен надзор бр.09----/34 од 28.10.2024 година составен од страна на овластени државни службеници на Министерството за правда.

Во **точка еден** од Предлогот се наведува дека извршителот О.Г. од Д. по извршните предмети И.бр.--/23, И.бр.--/23, И.бр.---/24 и И.бр.--/24 од должниците примал готови пари во неговата канцеларија, а не преку неговата посебна сметка на која се уплатуваат парите од реализираните извршувања, за што ставал забелешки во електронскиот Уписник за примени барања за извршување, а извршителот во предметите немал докази односно изводи од посебната сметка за извршените уплати на овие парични средства на неговата посебна сметка, ниту пак дополнителни ги доставил до Министерството за правда. Министерството за правда смета дека извршителот <u>постапил спротивно</u> на член 36 став 5 од ЗИ, според кој извршителот пред започнување со работа независно од редовната сметка, треба да отвори посебна сметка кај еден од

носителите на платниот промет на која ќе се уплатуваат парите од реализираните извршувања и ќе се користат исклучиво за намирување на доверителите, и сторил дисциплинка повреда од **член 66 став 1 алинеја 12** од Законот за извршување, односно незаконито располагал со матерјалните средства што ги прибавил во текот на извршувањето.

**Точка два** од Предлогот е со наводи дека извршител О.Г. од Д. на ден 28.10.2024 година со Записник од извршен надзор, бил задолжен за извршните предмети И.бр.--/23, И.бр.--/23, И.бр.---/24 и И.бр.---/24 да достави изводи од сите извршени уплати на неговата посебна сметка како и изводите за распределба на уплатените парични средства, но истите не ги доставил до Министерството за правда односно доставил само изводи од извршените уплати за предметите И.бр.--/23 и И.бр.---/24. Министерството за правда смета дека извршителот постапил спротивно на Правилникот за начинот на вршење на надзор над работата на Комората на извршители и на извршителите и сторил дисциплинска повреда од **член 65 став 1 алинеја 5** од Законот за извршување, односно извршителот не дава податоци за цели на вршење на надзорот.

Во **точка три** од Предлогот се наведува дека извршителот О.Г. од Д. за предметите И.бр.--/23, И.бр.--/23, И.бр.---/24 и И.бр.---/24 не водел уредна и навремена евиденција, за надоместоците, за трошоците за спроведените извршни дејствија, наградата на извршителот, реалните трошоци како и за наплата на главниот долг, каматата на главниот долг и трошоците на постапката. Министерството за правда сметка дека извршителот постапувал спротивно на член 45 став 1 од Законот за извршување и член 2 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на уписникот за примените барања за извршување (“Службен весник на РМ бр.226/16) и дека со наведените дејствија сторил дисциплинска повреда од **член 64 алинеја 8** од Законот за извршување, односно неуредно и неточно ја води евиденцијата која извршителот е должен да ја води **и** од **член 65 алинеја 8** од Законот за извршување, извршителот не води евиденција за наплатена награда и други трошоци согласно со овој закон и подзаконските акти.

Министерството за правда како овластен подносител, предлага ДК при КИРСМ да го усвои Предлогот, да поведе дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност против извршител О.Г. од Д. и за сторените дисциплински повреди да му се изречат соодветни дисциплински мерки, согласно закон. Во прилог на Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, Министерството за правда до Дисциплинската комисија при КИРСМ, достави: Извештај од извршен редовен надзор, Записник за извршен надзор, списи од извршните предмети И.бр.--/23, И.бр.--/23, И.бр.---/24 и И.бр.---/24 како и премероци од електронската евиденција на извршителот.

Изршителот О.Г. на ден 31.01.2025 година до Комората на извршители на РСМ достави Произнесување по доставениот Предлог за поведување на дисциплинска постапка од овластениот подносител Министерството за правда. Во одговорот извршителот наведува дека на ден 28.10.2024 година овластени претставници од Министерството за правда извршиле редовен надзор на неговата работа како и вонреден надзор по две претставки и дека надзорот траел помалку од 2 часа. По случаен избор, овластените претставници извршиле увид во предметите И.бр.--/23, И.бр.--/23, И.бр.---/24 и И.бр.---/24 и поради тоа што надзорот траел кратко и немале време да извршат целосен увид во сите уплати и исплати во наведените предмети го задолжиле да достави изводи од сметка за уплатите и исплатите. Во одговорот извршителот наведува дека по

е-пошта до Министерството за правда доставил изводи за предметите И.бр.--/23, И.бр.--/23 и И.бр.---/24, а за предметот И.бр.---/24 немало изводи, бидејќи Барањето за извршување е повлечено. Извршителот во одговорот наведува дека приложените докази содржат целосни податоци за уплати и исплати по сите предмети, но дека истите не се земени во предвид, па со оглед на наведеното предлага Дисциплинската Комисија да не поведува дисциплинска постапка. На ден на закажан главен претрес, 24.02.2025 година во 11:05 часот, извршител О.Г. од Д., по електронски пат до Комората достави Произнесување по предлог со прилог изводи и уплатници за предметите И.бр.--/23, И.бр.--/23 и И.бр.---/24.

На ден 24.02.2025 година во просториите на Комората, на закажан главен претрес покренат по повод Предлог за поведување на дисциплинска постапка на Министерство за правда со бр.09-56/1 од 09.01.2024 година, против извршител О.Г. од Д., во присуство на членовите на ДК при КИРСМ и на извршител О.Г. од Д., заменик Претседател на ДК при КИРСМ -извршител Кети Арсова најпрво ги извести присутните дека ќе го заменува Претседателот на ДК при КИРСМ кој денес е отсутен поради оправдани причини и дека извршител О.Г. денес во 11 часот по електронски пат до Комората достави дополнение на произнесување по предлог бр.09-56/1 од 09.01.2025 година на Министерство за правда, како и дополнителни списи. Од страна на извршителот се предложи одлагање на главниот претрес. Извршителот истакна дека во времето на спроведениот надзор од страна на МП имал здравствени проблеми-спондилоза и поради краткиот рок на задржување во негова канцеларија, дополнително доставил списи до МП и можно е да не ги доставил сите списи. По однос на Барањето за одлагање на главниот претрес, ДК при КИРСМ истото не го прифати односно по однос на Барањето за одлагање ја донесе следната Одлука:“Не се прифаќа барањето за одлагање од причина што постои определен рок за одлучување по доставен Предлог, согласно закон, а воедно извршителот имал доволно време да достави докази по однос на доставениот предлог.“

Заменикот Претседател на ДК на КИРСМ го отвори главниот претрес откако утврди дека постојат услови за одржување, согласно член 12 в.в член 13 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка од причина што се присутни сите членови на ДК, присутен е обвинетиот-извршител, кој уредно го примил Предлогот за поведување на дисциплинска постапка и поканата за главен претрес. Членот известител пред сите присутни, го прочита писменот реферат согласно член 13 од Правилникот за дисциплинска одговороност и дисциплинска постапка.

Извршител О.Г. од Д. лично на записник изјави дека останува во целост кон писмениот произнесување наведено во одговорот на предлогот за поведување на Дисиплинска постапка. Наведе дека дополително доставил списи по електронски пат, денес до КИРСМ и како дополнение изјавува: „Во дополнението на одговорот од 24.02.2025 година наведов и доставив докази дека извршувањето по предмет И.бр.---/24 е затворено на 16.02.2024 година што го прави предлогот ненавремен согласно член 69 од Законот за извршување. Предлагам во овој дел предлогот за поведување на дисциплинска да биде отфрлен. На прашање од член на ДК при КИРСМ: „МП констатира дека согласно електронската евиденција имате примено --.000,00 денари по овој предмет, како ги имате распределени овие пари и дали имате доказ за уплата?“, извршителот повторно се повика на застареност по однос на предметот И.бр.---/2024. По однос на предметот И.бр.--/2023 извршителот наведе дека: „Во Предлогот е наведено дека во предметот се евидентирани 14 уплати во вкупен износ --.148,00 денари од кои --.000,00 денари му се уплатени на доверителот. На барање од МП по електронска пошта

се доставени сите докази за уплати и исплати и ако тој ги извел како доказ ќе констатирал дека по предметот има уплата од --.148,00 денари, а на доверителот му се уплатени --.276,00 денари. Согласно член 8 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, предлогот за поведување на дисциплинска, покрај другото соодржи и докази за постоење на повредата. До МП имам доставено по електронски пат списи, на ден 01.11.2024 година. Доколку тие докази биле правилно изведени предлагачот ќе констатирал друга состојба од онаа во Предлогот.“ Извршителот по однос на предметот И.бр.--/2023, на записник наведе дека :„Предлагачот утврдил дека се евидентирани 4 уплати во износ од --.663,00 денари и дека не сум доставил изводи. Доставив извод до КИРСМ од ден 14.03.2023 година и 22.03.2023 година од кои е видно дека на 14.03.2023 на посебната сметка има прилив од должникот по основ на блокада во износ од --.240,00 денари, а од извод 22.03.2023 година е видно дека на должникот му е извршен поврат на овој износ. Оваа уплата и исплата не се евидентирани во софтверката евиденција по предметот од причина што не е вршена нивна распределба според правилата за распределба. На ден 07.07.2023 година е евидентирана друга уплата во износ од --.989,00 деанри исто така врз основа на блокада, бидејќи должникот не се придржувал кон договореното на Службена белешка. Од овој износ на ден 10.07.2023 година е пренесен износ од -.500,00 денари на име извршни трошоци, а на ден 13.07.2023 година на должникот му е извршен поврат од -.326,00 денари. На ден 22.08.2024 година од работодавецот на должникот се наплатени --.000,00 денари по основ на пропуштени рати, кои се распределени на ден 23.08.2024 година, за кое нешто е приложен извод.“ По однос на предметот И.бр.---/2024 извршителот на записник, наведе дека:„ Предлагачот утврдил 2 уплати извршени на ден 11.06.2024 година едната во износ од -.500,00 денари а другата во износ -.483,00 деанри. Наведувам дека му е приложен извод од 11.06.2024 година од кое е видна уплата во износ од --.225,00 денари со тоа што во Изводот не било наведена на кој предмет се однесува уплатата. Во овој предмет на ден 11.06.2024 година на посебната сметка е пристигнат прилив по основ на блокада, чувани се 15 дена согласно закон во износ од --.225,00 денари. Навистина во изводот уплаќачот не навел на кој предмет се однесува уплатата и во таков случај уплаќачот се пронаоѓа по неговата сметка- од каде е приливот. Странката А.М. – С. пристапила во канцеларијата на ден 11.06.2024 година и договорено е од овој износ да се намири дел за извршни трошоци за кое нешто е приложен извод. На ден 04.07.2024 година е евидентиран нов прилив од истиот должник во износ од --.408,00 денари. Откако и е деблокирана сметката извршен е поврат во износ од --.150,00 денари на ден 09.07.2024 година заедно со разликата од уплатените --.225,00 денари до евидентираните -.483,00 денари. Во Предлогот за поведување на дисциплинска постапка предлагачот го квалификува моето постапуваање спротивно на член 65.ст.1 алинеи 5 и 8 и 66 ст. 1 алинеја 12 од ЗИ со образложение дека се примани пари од должниците за кои немало докази како се уплаќани. Единствената моја грешка е тоа што, од предходно наведените здравствени причини на предлагачот навреме не сум ги доставил списите. Во ниту еден од предметите нема истакната приговор или претставка од ниту една од странките и не е сторена штета ниту на доверител ниту на должник, а се работи за износи кои се од мало значење, па со оглед на сето наведено и мојата возраст од -- година, молам ДК при КИРСМ да ги земе како олеснителни околности и да нема казна. Друго немам што да изјавам.“

Дисциплинската комисија на КИРСМ на одржан главен претрес на ден 24.02.2025 година, ги дозволи и изведе следните докази:

- Предлог за поведување на дисциплинска постапка бр.09-56/1 од 09.01.2025 година на Министерство за правда на РСМ;
- Извештај бр.09----/1 од 27.12.2024 година на Министерство за правда на РСМ;
- Записник бр.09-- и -- од 28.10.2024 година година на Министерство за правда на РСМ;
- Извадок од електронска евиденција за предмет И.бр.--/2023 со датум 18.01.2023 година на извршител О.Г.;
- Извадок од електронска евиденција за предмет И.бр.--/2023 со датум на печатење 28.10.2024 година на извршител О.Г.;
- Пописен список на превземени дејствија за И.бр.--/2023 од извршител О.Г.;
- Барање за извршување на правосилна извршна исправа од 16.01.2023 година од доверител Финансиски кредитен центар БС ДОО Скопје, примено во канцеларија на извршител на ден 18.01.2023 година и заведено со бр.--/2023;
- Доставница И.бр.--/2023 од 26.01.2023 год. на извршител О.Г. за достава на Барање и налог до Ј. Г. од К., со забелешка „не прима“;
- Доставница И.бр.--/2023 од 01.03.2023 год. на извршител О.Г. за достава на Заклучок до Ј. Г. од К.;
- Доставница И.бр.--/2023 од 06.02.2023 год. на извршител О.Г. за достава на Налог по чл.149 до Ј. Г. од К., со забелешка „не прима“;
- Доставница И.бр.--/2023 од 20.01.2023 год. на извршител О.Г. за достава на налог до Финансиски кредитен центар БС ДОО Скопје;
- Доставница И.бр.--/2023 од 01.02.2023 год. на извршител О.Г. за достава на налог до НЛБ Банка АД Скопје;
- Доставница И.бр.--/2023 од 02.03.2023 год. на извршител О.Г. за достава на Заклучок до НЛБ Банка АД Скопје;
- Решение за издавање нотарски платен налог НПН бр.---/22 од 07.12.2022 година на нотар С.К. од К., со печат на правосилност и извршност од 05.01.2023 година;
- Службена белешка И.бр.--/2023 од 01.03.2023 год. на извршител О.Г.;
- Налог за извршување врз основа на член 96 од ЗИ, И.бр.--/2023 од 18.01.2023 год. на извршител О.Г.;
- Налог за извршување врз основа на член 149 ст.1 од ЗИ, И.бр.--/2023 од 31.01.2023 год. на извршител О.Г.;
- Заклучок за запирање со извршување од сметка врз основа на член 213 ст.1 од ЗИ, И.бр.--/2023 од 01.03.2023 год. на извршител О.Г.;
- Промет по сметка на УНИ Банка за извршител О.Г. од Д. за период 28.03.2023 година, печатена на ден 01.11.2024 година (4 страни);
- Промет по сметка на УНИ Банка за извршител О.Г. од Д. за период 16.05.2023 година, печатена на ден 01.11.2024 година (7 страни);
- Извадок од електронска евиденција за предмет И.бр.--/2023 со датум на печатење 28.10.2024 година на извршител О.Г. ;
- Извадок од електронска евиденција за предмет И.бр.--/2023 со датум 18.01.2023 година на извршител О.Г.;
- Барање за извршување на правосилна извршна исправа од 16.01.2023 година од доверител Финансиски кредитен центар БС ДОО Скопје, примено во канцеларија на извршител на ден 18.01.2023 година и заведено со бр.--/2023;
- Решение за издавање нотарски платен налог НПН бр.---/22 од 03.11.2022 година на нотар С.К. од К., со печат на правосилност и извршност од 03.12.2022 година;
- Пресметковен лист НПН бр.---/22 од 10.01.2023 година на нотар С.К. од К.;
- Службена белешка И.бр.--/2023 од 15.04.2024 год. на извршител О.Г.;
- Службена белешка И.бр.--/2023 од 23.03.2023 год. на извршител О.Г. ;
- Известување од ФИЛИТЕА 2023 ДООЕЛ К. од 30.08.2024 година, примено во канцеларија на извршител О.Г. на ден 30.08.2024 година и заведено со бр.--/2023,---/24;

- Доставница И.бр.--/2023 од 16.02.2023 год. на извршител О.Г. за достава на налог до НЛБ Банка АД Скопје;
- Доставница И.бр.--/2023 од 21.03.2023 год. на извршител О.Г. за достава на налог до Шпаркасе Банка АД Скопје;
- Барање од адвокат И.Л. од К. од 14.03.2023 година примено во канцеларија на извршител О.Г. на ден 14.03.2023 година;
- Полномошно од властодавател- В.Ш. на адвокат И.Л. од К. од 14.03.2023 година;
- Доставница И.бр.--/2023 од 15.04.2024 год. на извршител О.Г. за достава на Барање и Налог до ДПТУ ФИЛИТЕА 2023 ДООЕЛ К.;
- Доставница И.бр.--/2023 од 22.08.2024 год. на извршител О.Г. за достава на Налог за пропуштени рати до ФИЛИТЕА 2023 ДООЕЛ К.;
- Доставница И.бр.--/2023 од 20.01.2023 год. на извршител О.Г. за достава на Налог до Финансиски кредитен центар БС ДОО Скопје;
- Доставница И.бр.--/2023 од 15.04.2024 год. на извршител О.Г. за достава на Заклучок до В.Ш. од К.;
- Доставница И.бр.--/2023 од 17.03.2023 год. на извршител О.Г. за достава на Заклучок од 16.03.2023 до В.Ш. од К.;
- Доставница И.бр.--/2023 од 13.07.2023 год. на извршител О.Г. со обид за достава на Заклучок за запирање до В.Ш. од К., со назнака „иселен";
- Доставница И.бр.--/2023 од 10.02.2023 год. на извршител О.Г. со обид за достава на Барање и Налог до В.Ш. од К., со назнака „лицето не живее на адресата";
- Доставница И.бр.--/2023 од 30.06.2023 год. на извршител О.Г. со обид за достава на Налог до В.Ш. од К., со назнака „иселен...";
- Доставница И.бр.--/2023 од 17.02.2023 год. на извршител О.Г. со обид за достава на Налог до В. Ш. од К., со назнака „иселен...";
- Доставница И.бр.--/2023 од 20.08.2024 год. на извршител О.Г. за достава на Налог по чл.146 до В. Ш. од К.;
- Доставница И.бр.--/2023 од 15.04.2024 год. на извршител О.Г.за достава на Налог по чл.141 до В. Ш. од К.;
- Доставница И.бр.--/2023 од 16.04.2024 год. на извршител О.Г. за достава на Заклучок за запирање до Шпаркасе Банка АД Скопје;
- Доставница И.бр.--/2023 од 11.07.2023 год. на извршител О.Г. за достава на Заклучок за запирање до Шпаркасе Банка АД Скопје;
- Доставница И.бр.--/2023 од 19.03.2024 год. на извршител О.Г. за достава на Налог врз основ на чл.149 ст.1 до Шпаркасе Банка АД Скопје;
- Доставница И.бр.--/2023 од 26.06.2023 год. на извршител О.Г.за достава на Налог врз основ на чл.149 ст.1 до Шпаркасе Банка АД Скопје;
- Доставница И.бр.--/2023 од 21.08.2024 год. на извршител О.Г. за достава на Налог за пропуштени рати до НЛБ Банка АД Скопје;
- Налог за извршување врз основа на член 146 ст.2 од ЗИ, И.бр.--/2023 од 20.08.2024 год. на извршител О.Г.;
- Налог за извршување врз основа на член 96 од ЗИ, И.бр.--/2023 од 18.01.2023 год. на извршител О.Г.;
- Налог за извршување врз основа на член 149 ст.1 од ЗИ, И.бр.--/2023 од 14.02.2023 год. на извршител О.Г.;
- Заклучок за запирање со извршување од сметка врз основа на член 213 ст.1 од ЗИ, И.бр.--/2023 од 16.03.2023 год. на извршител О.Г.;
- Налог за извршување врз основа на член 149 ст.1 од ЗИ, И.бр.--/2023 од 21.06.2023 год. на извршител О.Г.;
- Заклучок за запирање со извршување од сметка врз основа на член 213 ст.1 од ЗИ, И.бр.--/2023 од 10.07.2023 год. на извршител О.Г.;
- Налог за извршување врз основа на член 149 ст.1 од ЗИ, И.бр.--/2023 од 18.03.2024 год. на извршител О.Г.;

- Заклучок за запирање со извршување од сметка врз основа на член 213 ст.1 од ЗИ, И.бр.--/2023 од 15.04.2024 год. на извршител О.Г.;
- Барање за информации од работодавач врз основа на член 143 ст.1 од ЗИ, И.бр.--/2023 од 15.04.2024 год. на извршител О.Г.;
- Налог за извршување врз основа на член 141 од ЗИ, И.бр.--/2023 од 15.04.2024 год. на извршител О.Г.;
- Извадок од електронска евиденција за предмет И.бр.---/2024 со датум на печатење 28.10.2024 година на извршител О.Г.;
- Извадок од електронска евиденција за предмет И.бр.---/2024 со датум 07.02.2024 година на извршител О.Г.;
- Барање за извршување на правосилна извршна исправа од 06.02.2024 година од доверител Финансиски кредитен центар БС ДОО Скопје, примено во канцеларија на извршител на ден 07.02.2023 година и заведено со бр.---/2024;
- Решение за издавање на нотарски платен налог НПН бр.---/23 од 25.10.2023 година на нотар С.К. од К. со печат на правосилност и извршност од 11.12.2023 година;
- Налог за извршување врз основа на член 96 од ЗИ, И.бр.---/2024 од 07.02.2024 год. на извршител О.Г.;
- Доставница И.бр.---/2024 од 09.02.2024 год. на извршител О.Г. со обид за достава на Барање и налог до А.М. од К., со забелешка „оставена, иселена, сопругот не прима“;
- Доставница И.бр.---/2024 од 08.02.2024 год. на извршител О.Г. за достава на налог до Финансиски кредитен центар БС ДОО Скопје;
- Повратница од ПТТ со обид на достава на Барање и налог до А.М. од К. на ден 19.02.2024 и 27.02.2024 година;
- Налог за извршување врз основа на член 149 ст.1 од ЗИ, И.бр.---/2024 од 11.03.2024 год. на извршител О.Г.;
- Доставница И.бр.---/2024 од 09.02.2024 год. на извршител О.Г. со обид за достава на Налог по чл.149 до А.М. од К., со забелешка „ иселена-омажена..“;
- Заклучок за запирање со извршување од сметка врз основа на член 213 ст.1 од ЗИ, И.бр.---/2024 од 11.06.2024 год. на извршител О.Г.;
- Доставница И.бр.---/2024 од 09.07.2024 год. на извршител О.Г. за достава на Заклучок за запирање со извршување до А.М. од К.;
- Извадок од електронска евиденција за предмет И.бр.---/2024 со датум 08.02.2024 година на извршител О.Г.;
- Извадок од електронска евиденција за предмет И.бр.---/2024 со датум на печатење 28.10.2024 година на извршител О.Г.;
- Барање за извршување од доверител Б.З. од П. преку адвокат Д. М. од Д., против должник Т.А. од П., примено во канцеларија на извршител на ден 08.02.2024 година и заведено со И.бр.---/2024;
- Пресуда П5 бр.-/23 од 22.08.2023 година на Основен суд Б. со печат на правосилност и извршност од 15.09.2023 година;
- Налог за извршување врз основа на член 96 од ЗИ, И.бр.---/2024 од 08.02.2024 год. на извршител О.Г.;
- Промет по сметка на УНИ Банка за извршител О.Г. од Д. за период 03.10.2024 година, печатена на ден 01.11.2024 година (4 страни);
- Промет по сметка на УНИ Банка за извршител О.Г. од Д. за период 13.02.2023 година, печатена на ден 01.11.2024 година (5 страни);
- Промет по сметка на УНИ Банка за извршител О.Г. од Д. за период 14.02.2023 година, печатена на ден 01.11.2024 година (6 страни);
- Промет по сметка на УНИ Банка за извршител О.Г. од Д. за период 28.02.2023 година, печатена на ден 01.11.2024 година (5 страни);
- Промет по сметка на УНИ Банка за извршител О.Г. од Д. за период 01.03.2023 година, печатена на ден 01.11.2024 година (4 страни);
- Промет по сметка на УНИ Банка за извршител О.Г. од Д. за период 29.03.2023 година, печатена на ден 01.11.2024 година (4 страни);

- Промет по сметка на УНИ Банка за извршител О.Г. од Д. за период 17.05.2023 година, печатена на ден 01.11.2024 година (6 страни);
- Промет по сметка на УНИ Банка за извршител О.Г. од Д. за период 01.08.2023 година, печатена на ден 01.11.2024 година (5 страни);
- Промет по сметка на УНИ Банка за извршител О.Г. од Д. за период 01.09.2023 година, печатена на ден 01.11.2024 година (14 страни);
- Промет по сметка на УНИ Банка за извршител О.Г. од Д. за период 05.09.2023 година, печатена на ден 01.11.2024 година (4 страни);
- Промет по сметка на УНИ Банка за извршител О.Г. од Д. за период 06.02.2024 година, печатена на ден 01.11.2024 година (5 страни);
- Промет по сметка на УНИ Банка за извршител О.Г. од Д. за период 06.03.2024 година, печатена на ден 01.11.2024 година (9 страни);
- Промет по сметка на УНИ Банка за извршител О.Г. од Д. за период 11.06.2024 година, печатена на ден 01.11.2024 година (5 страни);
- Промет по сметка на УНИ Банка за извршител О.Г. од Д. за период 12.06.2024 година, печатена на ден 01.11.2024 година (3 страни);
- Промет по сметка на УНИ Банка за извршител О.Г. од Д. за период 03.07.2024 година, печатена на ден 01.11.2024 година (4 страни);
- Произнесување по предлог од 27.01.2025 година на извршител О.Г., примено во КИРСМ на ден 31.01.2025 година и заведено со бр.12-4-2/3;
- Промет по сметка на УНИ Банка за извршител О.Г. од Д. за период 07.07.2023 година, печатена на ден 01.11.2024 година (8 страни);
- Промет по сметка на УНИ Банка за извршител О.Г. од Д. ево за период 10.07.2023 година, печатена на ден 01.11.2024 година (4 страни);
- Промет по сметка на УНИ Банка за извршител О.Г. од Д. за период 13.07.2023 година, печатена на ден 01.11.2024 година (9 страни);
- Промет по сметка на УНИ Банка за извршител О.Г. од Д. за период 22.08.2023 година, печатена на ден 01.11.2024 година (4 страни);
- Промет по сметка на УНИ Банка за извршител О.Г. од Д. за период 01.12.2023 година, печатена на ден 27.01.2025 година (5 страни);
- Промет по сметка на УНИ Банка за извршител О.Г. од Д. за период 15.11.2024 година, печатена на ден 27.01.2025 година (8 страни);
- Промет по сметка на УНИ Банка за извршител О.Г. од Д. за период 27.11.2024 година, печатена на ден 27.01.2025 година (2 страни);
- Промет по сметка на УНИ Банка за извршител О.Г. од Д. за период 10.12.2024 година, печатена на ден 27.01.2025 година (4 страни);
- Промет по сметка на УНИ Банка за извршител О.Г. од Д. за период 23.12.2024 година, печатена на ден 27.01.2025 година (4 страни);
- Промет по сметка на УНИ Банка за извршител О.Г. од Д. за период 24.12.2024 година, печатена на ден 27.01.2025 година (5 страни);
- Промет по сметка на УНИ Банка за извршител О.Г. од Д. за период 03.03.2023 година, печатена на ден 27.01.2025 година (5 страни);
- Поднесок од адвокат Д.М., примен во канцеларија на извршител 16.02.2024 година и заведен со И.бр.---/2024; и
- Произнесување по предлог од 24.02.2025 година по електронски пат од извршител О.Г. од Д. со списи.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во предлогот, одговор од извршителот на Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, изјавата како одбрана, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

На ден 28.10.2024 година, овластените државни службеници од Министерството за правда, постапувајќи врз основ на член 54 од Законот за извршување извршиле надзор

над работата на извршителот О.Г. од Д., именуван за подрачјето на Основниот суд во ---, Основниот суд ---, Основниот суд --- и Основниот суд --- во неговата канцеларијата во Д. по однос на неговото постапување и примената на одредбите од Законот за извршување како и подзаконските акти, при што бил извршен увид во извршните предмети, побарани по случаен избор, и тоа И.бр.--/23, И.бр.--/23, И.бр.---/24 и И.бр.---/24. Во Записникот од извршениот редовен надзор било нотирано задолжение за извршител О.Г.да достави до Министерство за правда, копии од списи од предметите И.бр.--/23, И.бр.--/23, И.бр.---/24 и И.бр.---/24 (по кој бил извршен надзорот), списи од електронска евиденција, изводи од посебната сметка за извршени уплати и распределба на средствата. Министерството за правда изготвило Извештај од извршен надзор со бр.09----/1 од 24.12.2024 година, во кој се наведува што било констатирано при надзорот по секој предмет, како и постапувањето односно непостапувањето на извршителот по задолженито од Записник од извршен надзор бр.4--- од 28.10.2024 година, и тоа:

Во извршниот предмет **И.бр.---/24** во електронскиот Уписник на извршителот во делот Забелешка било евидентирано дека должник Т.А. на ден 16.02.2024 година платил во канцеларија на извршителот износ од --.000,00 денари, од кои -.000,00 денари за извршител, а -.000,00 денари му биле дадени на адвокат Д.М. За истиот предмет во Уписникот во делот – уплати и поделба на пари за извршниот предмет И.бр.---/24, немало евиденција за ниту една уплата, ниту пак за распределбата на паричните средства, иако извршителот примил износ од --.000,00 денари, од што било констатирано дека извршителот не ја води уредно евиденцијата за наплатата на главниот долг, каматата и трошоците на постапката. Исто така, извршителот до МП не доставил изводи за извршените уплати и распределба на парични средства по предмет И.бр.---/24, иако за истото бил задолжен од страна на овластената Комисија на Записник од извршен надзор. Во извршниот предмет **И.бр.---/24** било констатирано дека предметот е делумно намирен. Во електронскиот Уписник на извршителот во делот Забелешка за предмет И.бр.---/24 било евидентирано дека должникот платил во канцеларија на извршителот износ од -.500,00 денари на ден 11.06.2024 година со забелешка истите да се евидентираат во програмата. За истиот предмет во Уписникот во делот – уплати и поделба на пари, биле евидентирани две уплати на ден 11.06.2024 година, со износ од -.500,00 денари и уште една уплата во износ од -.483,00 денари, или вкупно --.983,00 денари. Во предлогот се наведува дека извршителот на е-маил дополнително доставил до МП изводи од посебната сметка од ден 11.06.2024 година во која е евидентирана една уплата од должник по предмет И.бр.---/24 –А.С. од К., во вкупен износ од --.225,00 денари. Во изводот не е наведено за кој извршен предмет е извршена уплатата, само стои име и презиме на должникот, но и износот на уплатата се разликува од износот што е заведен во електронскиот Уписник, што било констатирано дека извршителот не ја води уредно евиденцијата за наплатата на главниот долг, каматата и трошоците на постапката. Исто така, извршителот до МП не доставил изводи за извршената распределба на уплатените парични средства по предмет И.бр.---/24, иако за истото бил задолжен од страна на овластената Комисија, видно од Записник од извршен надзор. Во извршниот предмет **И.бр.--/23**, по спроведен увид било констатирано дека предметот е делумно намирен. Во електронскиот Уписник на извршителот во делот Забелешка за предмет И.бр.--/23 било евидентирано дека должникот во неколку наврати пристапил во канцеларијата на извршителот и оставил парични средства, и тоа: износ од -.000,00 денари на ден 01.09.2023 година; износ од -.000,00 денари на ден 25.12.2023 година; износ од -.000,00 денари на ден 05.02.2024 година; износ од -.000,00 денари на ден

04.03.2024 година и износ од -.000,00 денари на ден 02.07.2024 година, односно вкупно --.000,00 денари. Исто така во делот Забелешка било евидентирана обврска- износите да се евидентираат во програмата. За истиот предмет во Уписникот во делот – уплати и поделба на пари, биле евидентирани 14 уплати во вкупен износ од --.148,00 денари. Од увид во изводите од посебната сметка на извршителот било констатирано дека по предмет И.бр.--/23 извршени се вкупно 7 уплати во вкупен износ од --.094,00 денари, што не се софпаѓа со електронската евиденција, каде е евидентирана наплата во износ од --.148,00 денари, од што се констатира дека извршителот не ја води уредно евиденцијата за наплатата на главниот долг, каматата и трошоците на постапката. Извршителот до МП доставил изводи за извршената распределба на паричните средства по предмет И.бр.--/23, од кои било видно само дека извршителот префрлил --.000,00 денари на сметката на доверителот. По увид во извршниот предмет **И.бр.--/23** било констатирано дека во електронскиот Уписник на извршителот во делот Забелешка за предметот било евидентирано дека должникот платил во канцеларија на извршителот износ од -.000,00 денари на ден 23.03.2023 година, а на ден 31.10.2023 година дека депонирал износ од -.000,00 денари, или вкупно -.000,00 денари. За предмет И.бр.--/23 во Уписникот во делот – уплати и поделба на пари, биле евидентирани 4 уплати со вкупен износ од --.663,00 денари од кои што било констатирано дека извршителот не ја води уредно евиденцијата за наплатата на главниот долг, каматата и трошоците на постапката. Исто така извршителот до МП не доставил изводи за извршените уплати и распределба на уплатените парични средства за предмет И.бр.--/23.

ДК при КИРСМ не го прифати барањето од извршителот О.Г. да не биде разгледан предмет И.бр.---/2024 кој е затворен на ден 16.02.2024 година, поради протек на повеќе од 1 година од повлекувањето на Барањето за извршување од страна на доверителот и настапување на застареност согласно член 69 ст.1 од Законот за извршување:„рокот за застареност за поведување на дисциплинска постапка изнесува една година, од денот кога дисциплинската повреда е направена", од причина што ДК при КИРСМ согледа дека настапил прекин на застареност согласно член 69 ст.2 од Законот за извршување:„Прекин на застареност настапува со преземање на секое дејствие што се презема заради поведување на постапка за сторена дисциплинска повреда", кога Министерството за правда на ден 28.10.2024 година, спровела надзор над наведениот предмет, истиот предмет е составен дел на изготвен Записник и Извештај од извршен надзор како и составен дел од изготвен Предлогот за поведување на дисциплинска постапка бр.09---/1 од 09.01.2025 година, од страна на РСМ Министерство за правда.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ одлучувајќи по повод основаноста на наводите опишани во точка 1 од Предлогот за поведување дисциплинска постапка, согласно фактичката состојба и доставената документација, утврди дека извршителот ја сторил дисциплинската повреда:„незаконито располага со материјалните средства што ги прибавил во текот на извршувањето" **по член 66 став 1 алинеја 12** од Законот за извршување, на начин што извршител О.Г.по извршните предмети И.бр.--/2023, И.бр.--/2023, И.бр.--/24 и И.бр.---/2024 од должниците примал готови пари во неговата канцеларија, а не преку неговата посебна сметка на која се уплатуваат парите од реализираните извршувања, за што ставал забелешки во електронскиот Уписник за примени барања за извршување, и тоа: за предмет **И.бр.--/2023** во извадок од електронскиот Уписник печатен на ден 28.10.2024 година, во делот „Забелешка" видно стои текст: „Има Службена белешка-01.03.2023 година/ <u>Оставено -</u>

.000,00 денари на 01.09.2023 година. Должникот пристапи во канцеларија во К. и не замоли да не го блокираме ќе изврши уплати како што е договорено во службената белешка до 27.12.2023 година-18.12.2023 година / Должникот пристапи и остави -.000,00 денари, бидејќи не можел да се снајде финансиски за поголем износ, наредната уплата ќе биде како што е во службената белешка-25.12.2023 година/ Оставено -.000,00 денари на 05.02.2024, овие пари да се вметнат и евидентираат во програмата -05.02.2024/ Оставено -.000,00 денари на 04.03.2024, овие пари да се вметнат и евидентираат во програмата - 04.03.2024/ Оставено -.000,00 денари на 02.07.2024, овие пари да се вметнат и евидентираат во програмата"; за предмет **И.бр.--/2023** во извадок од електронскиот Уписник печатен на ден 28.10.2024 година, во делот „Забелешка" видно стои текст: „Оставено -.000,00 денари во канцеларија во К., овие пари да се внесат и евидентираат во програмата- 23.03.2023 година / депонирани -.000,00 денари 31.10.2023"; за предмет **И.бр.---/2024** во електронскиот Уписник печатен на ден 28.10.2024 година, во делот „Забелешка" видно стои текст: „ Оставено -.500,00 денари на 11.06.2024година, овие пари да се вметнат и евидентираат во програмата-11.06.2024година /треба да дојде во канцеларија во К. да потпише сл. Белешка и да се прати деблокада-02.07.2024"; за предмет **И.бр.---/2024** во електронскиот Уписник печатен на ден 28.10.2024 година, во делот „Забелешка" видно стои текст: „16.02.2024 година Т. донесе 10.000,00 денари, 4 за изв. 6 за адв., дадени му се на Д. на 20.02.2024". ДК при КИРСМ констатира дека, извршителот не негира прием на готови пари од должниците во неговата канцеларија за наведените предмети, во доставениот писмен одговор ниту пак во изјава на записник од главен претрес. Се прифаќа наводот од подносителот на предлогот дека на денот на спроведениот надзор во предметите И.бр.--/2023, И.бр.--/2023, И.бр.---/24 и И.бр.---/2024 извршител О.Г. немал, а требал да има докази односно изводи од посебната сметка за извршените уплати на примените парични средства во неговата канцеларија, ниту пак дополнителни ги доставил до Министерството за правда. Се согледува дека извршител О.Г. дозволувал должниците да го плаќаат долгот во готови пари кои ги примал на рака и нема доказ дека истите се уплатени на посебната сметка на извршителот. Ваквото постапување на извршителот не значи спроведување на постапка на присилна наплата на побарување од доверител спрема должник по предмет кој се води пред извршител и е спротивно на член 36 став 5 од Законот за извршување, согласно кој извршителот е должен да ги прими уплатите од должникот на својата посебна сметка. Извршителот како лице со јавни овластувања е обврзан пред започнување со работа, независно од редовната сметка да отвори сметка кај еден од носителите на платен промет на која ќе се уплаќаат единствено парите од реализираните извршувања и ќе се користат исклучиво за намирување на доверителите.

Како во дејствијата опишани во точка 1 од Предлогот се содржини сите битни елементи на дисциплинската повреда по член 66 став 1 алинеја 12 од ЗИ, ДК при КИРСМ го огласи за виновен извршителот О.Г. од Д. и согласно чл. 62 став 1 точка г) од ЗИ му се изрече дисциплинска мерка **Привремено одземање на правото на вршење на должноста извршител во траење од три месеци**.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ одлучувајќи по повод основаноста на наводите опишани во точка 2 од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка бр.09---/1 од 09.01.2025 година на РСМ Министерство за правда утврди дека извршител О.Г. од Д., ја сторил дисциплинска повреда, утврдена во **член 65 став 1 алинеја 5** од Законот за извршување (Службен Весник на РМ бр. 72/16, бр. 142/16, 233/18, 14/20 и 154/23), извршителот не дал податоци за цели на вршење на

надзорот, на начин што извршител О.Г. до Министерството за правда не ги доставил сите побарани изводи од секоја извршена уплата од неговата посебна сметка како и изводите за распределба на уплатените парични средства за извршните предмети И.бр.--/23, И.бр.--/23, И.бр.--/24 и И.бр.---/24, за што бил задолжен со Записник од извршен надзор од страна на овластената Комисија при Министерството за правда на ден 28.10.2024 година. Извршител О.Г. од Д. до Министерството за правда ги доставил само изводите од извршените уплати за предметите И.бр.--/23 и И.бр.---/24, со што постапил спротивно на Правилникот за начинот на вршење на надзор над работата на Комората на извршители и на извршителите и сторил дисциплинска повреда **од член 65 ст.1 алинеја 5** од Законот за извршување. ДК при КИРСМ при одлучувањето го зема во предвид и фактот дека извршителот на записник од одржан главен претрес, изјави дека негова грешка е што поради здравствени причини на предлагачот навреме не ги доставил побараните списи.

Како во дејствијата опишани во точка 2 од Предлогот се содржини сите битни елементи на дисциплинската повреда по **член 65 став 1 алинеја 5** од ЗИ, ДК при КИРСМ го огласи за виновен извршителот О.Г. од Д. и согласно чл. 62 став 1 т. в) па му се изрече дисциплинска мерка -парична казна во висина од ----- евра во денарска противредност според среден курс на Народна банка на РСМ на денот на изрекувањето.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ одлучувајќи по повод основаноста на наводите опишани во точка 3 од Предлогот за поведување дисциплинска постапка утврди дека извршителот ја сторил дисциплинската повреда: „не води евиденција за наплатена награда и други трошоци согласно со овој закон и подзаконските акти“ по **член 65 алинеја 8** од ЗИ и “неуредно и неточно ја води евиденцијата која извршителот е должен да ја води, а која не засега во правата на странките“, од **член 64 алинеја 8** од ЗИ, на начин што извршител О.Г. за предметите заведени во неговата канцеларија со број И.бр.--/23, И.бр.---/24 и И.бр.---/24 не водел уредна и навремена евиденција, за надоместоците, за трошоците за спроведените извршни дејствија, наградата на извршителот, реалните трошоци како и за наплата на главниот долг, каматата на главниот долг и трошоците на постапката. Извршител О.Г. во електронскиот уписник не внесувал истоветни податоци со податоците соодржани во списите од предметите доставени до МП односно по предметите не водел навремена и уредна евиденција на начин што се согледува неевидентирање на наплатените и распределените средства во електронската евиденција на извршителот и фактичката состојба утврдена според изводите од посебната сметка, од доставените списи до Министерството за правда и спроведениод надзор од Министерството за правда, со што постапил спротивно на член 2 од Правилникот за формата, соодржината и начинот на водење на уписникот за примените барања за извршување: „Уписникот кај извршителот се води во електронска форма, уредно и навремено, при прием на барањето, односно преземањето на секое поединечно дејствие.“

ДК при КИРСМ утврди дека за предмет **И.бр.---/2024** во извадок од електронскиот Уписник печатен на ден 28.10.2024 година, во делот „Уплата“ нема евиденција за ниту една уплата, ниту пак има евиденција за распределбата на примените паричните средства, иако извршителот од должникот примил износ од --.000,00 денари на ден 16.02.2024 година. За предмет **И.бр.---/2024** од извадок од електронскиот Уписник печатен на ден 28.10.2024 година, во делот „Уплата“ се согледува евиденција од страна на извршителот само на две уплати, на ден 11.06.2024 година, со износ од 2.500,00 денари и уште една уплата истиот ден, со износ од -.483,00 денари, или вкупно

--.983,00 денари. Согласно изјава од извршител О.Г. дадена на записник за овој предмет е извршена уплата на износ од --.225,00 денари на ден 11.06.2024 година и на ден 04.07.2024 година е евидентиран нов прилив од истиот должник во износ од --.408,00 денари но откако е деблокирана сметката извршен е поврат во износ од --.150,00 денари на ден 09.07.2024 година заедно со разликата од уплатените --.225,00 денари до евидентираните -.483,00 денари. Согласно наведеното ДК при КИРСМ утврди дека за предмет И.бр.---/2024 извршител О.Г. не водел уредна и навремена евиденција видно од извадок од електронскиот Уписник печатен на ден 28.10.2024 година, неговата изјава за преземените дејствија и повеќе извршените уплати од страна на должникот кои не се евидентирани во Електронскиот Уписник, согласно одредбите од ЗИ и Правилникот.

ДК при КИРСМ не ги прифати наводите од предлогот за неводење уредна и навремена евиденција од страна на извршител О.Г., по однос на предмет **И.бр.--/2023,** од причина што видно од извадокот од електронскиот Уписник печатен на ден 28.10.2024 година, во делот „Уплата" се евиденција од 14 уплати во вкупен износ од --.148,00 денари, доставени изводи од страна на извршител О.Г., како и изјава дека до Министерството ги доставил сите изводи за извршените уплата со вкупен износ од --.148,00 денари.

За предмет **И.бр.--/2023** од извадок од електронскиот Уписник печатен на ден 28.10.2024 година, во делот „Уплата" се согледува евиденција од страна на извршителот на 4 уплати, и тоа: на ден **22.08.2024** година, со износ од --.000,00 денари, на ден **01.10.2023** година на износ од -.000,00 денари, на ден **07.07.2023** година на износ од -.663,00 денари и на ден **23.03.2023** година на износ од -.000,00 денари, или вкупно износ од --.663,00 денари. На денот на надзорот при увид во извршниот предмет **И.бр.--/23** било констатирано дека во електронскиот Уписник на извршителот во делот Забелешка за предметот било евидентирано дека должникот платил во канцеларија на извршителот износ од -.000,00 денари на ден 23.03.2023 година, а на ден **31.10.2023** година дека депонирал износ од -.000,00 денари, или вкупно -.000,00 денари. Во предлогот се наведува дека за предмет И.бр.--/23 до МП извршителот не доставил изводи за извршените уплати и распределба на уплатените парични средства за предмет И.бр.--/23. Извршителот на главен претрес изјави дека „видно од изводи од ден 14.03.2023 година и 22.03.2023 година на посебната сметка има прилив од должникот по основ на блокада во износ од --.240,00 денари, а од извод 22.03.2023 година е видно дека на должникот му е извршен поврат на овој износ. Оваа уплата и исплата не се евидентирани во софтверката евиденција по предметот од причина што не е вршена нивна распределба според правилата за распределба. На ден 07.07.2023 година е евидентирана друга уплата во износ од --.989,00 деанри исто така врз основа на блокада, бидејќи должникот не се придржувал кон договореното на Службена белешка. Од овој износ на ден 10.07.2023 година е пренесен износ од -.500,00 денари на име извршни трошоци а на ден 13.07.2023 година на должникот му е извршен поврат од -.326,00 денари. На ден 22.08.2024 година од работодавецот на должникот се наплатени --.000,00 денари по основ на пропуштени рати, кои се распределени на ден 23.08.2024 година, за кое нешто е приложен извод." Согласно наведеното ДК при КИРСМ утврди дека за предмет **И.бр.--/2023** извршител О.Г. не водел уредна и навремена евиденција видно од извадок од електронскиот Уписник печатен на ден 28.10.2024 година, наводи истакнати во предлог и изјава од извршителот за преземените дејствија, како и уплати од страна на должникот кои не се евидентирани во Електронскиот Уписник. ДК на КИРМ е на мислење дека извршител О.Г. бил должен уредно и точно да го води Уписникот за примени барања за

извршување во електронската евиденција од причина што, согласно член 2 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на Уписникот за примените барања за извршување е предвидено:„ Уписникот кај извршителот се води во електронска форма, уредно и навремено, при прием на барањето, односно преземањето на **секое** поединечно извршно дејствие“

Како во дејствијата опишани во точка 3 од Предлогот се содржини сите битни елементи на дисциплинската повреда по член 65 став 1 алинеја 8 од ЗИ и член 64 став 1 алинеја 8 од ЗИ, ДК при КИРСМ го огласи за виновен извршителот О.Г. од Д. и согласно чл. 62 став 1 т.в) па му се изрече дисциплинска мерка -парична казна во висина од ----- евра во денарска противредност според среден курс на Народна банка на РСМ на денот на изрекувањето. Врз основа на секоја утврдена поединечна дисциплинска мерка му одмери единствена дисциплинска мерка Привремено одземање на правото на вршење на должноста извршител, согласно член 62 став 1 точка г) од Законот за извршување ( „Службен весник на РМ“ бр. 72/16, 142/16, 233/18, 14/20 и 154/23).

ДК при КИРСМ при одлучувањето, ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а особено како отежнителна околност што извршителот предходно е казнет со изречени парични казни. ДК при КИРСМ смета дека со изречената дисциплинска мерка ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ на ден 24.02.2025 година постапувајќи согласно член 58, член 60 став 1 в.в. член 62 став 1 точка г) и член 68 став 5 од Законот за извршување („Службен весник на РМ“ бр.72/16, 142/16, 233/18, 14/20 и 154/23) одлучи како во изреката на ова решение.

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РСМ**
**ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА**
Заменик Претседател,
Кети Арсова

__________________________________

**Правна поука :** против ова решение извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РСМ во рок од 30 дена по приемот

**Дн:** Претседател на КИРСМ
Извршител О.Г. од Д.
Министерство за правда на РСМ
Архива